## ЗАШТЕДА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ВО ОБЈЕКТИТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Во рамките на Проектот за заштеда на топлинска енергија, кој е веќе отпочнат во четири основни училишта во Општината, согласно финансиските ефекти во наредниот период ќе биде реализиран во сите објекти во надлежност на Општината.

- Рок на изведување: во континуитет

За илустрација, во ОУ „Вера Циривири Трена" само во периодот од 23.12.2007 до 31.01.2008 година потрошената топлинска енергија изнесува 86,903 KWh, иако според надворешните температури, теоретски, потребната енергија изнесува 156,426 KWh. Заштедата во наведениот период изнесува 122.488 денари.

## ЦЕЛОСНА ЗАМЕНА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА СО СОЛАРНА ЕНЕРГИЈА

Проект за целосна замена на електричната со соларна енергија преку користење на обновливи енергетски ресурси - соларни колектори и постигнување на целосна енергетска независност на еден училишен објект.

- Рок на изведување: јуни-август, 2008
- Следење на ефектите: од септември 2008 во континуитет

Со почетокот на секој поединечен проект посебно ќе бидат презентирани параметрите по кои ќе се оценува успешноста. Резултатите и споредбените параметри ќе бидат презентирани на јавноста во текот на реализацијата на секоја од фазите на проектот. Вкупните ефекти од реализацијата на Општинската програма за енергетска ефикасност за 2008 година ќе бидат публикувани на крајот на годината во посебна брошура, прва од овој тип во државата.

**Ученици од „Лазо Трповски" наградени на Меѓународен литературен натпревар**

# Лауреати - осмоодделенците Наталија, Соња и Никола

Ученици од ОУ „Лазо Трповски" од Општина Карпош, освоија три награди на Деветтиот Меѓународен литературен натпревар „Литературата не познава граници" на тема „Копнеж" (литературно творештво на Германски јазик), организиран од страна на книгоиздателството „Перплекс" од Грац, Австрија, во соработка со Институтот Гете од Минхен, Германија и Министерството за образование на Австрија.

На натпреварот учествуваа учесници од 25 земји од целиот свет, на возраст од 6-19 години, со лични творби напишани на Германски јазик. Меѓу нив, 5 ученици од ОУ „Лазо Трповски" под менторство на наставникот по Германски јазик Стефан Симовски, наставничката по информатика Татјана Јосифова и наставничката по граѓанско образование Мирјана Николовска, ја претставуваа Република Македонија под уставното име.

Наградите ги освоија осмоодделенците: Наталија Басекиќ, ученичка во 8б одделение - прва награда, Соња Каљошевска, ученичка во 8а одделение - втора награда; Никола Фурнаџиски, ученик во 8а одделение - трета награда. Списокот на добитниците на награди од целиот свет е објавен на веб страната www.perplex.at.

**ВО ТАФТАЛИЦЕ 1 И 2**

# 1200 семејства го селектираат отпадот

Во населбата Тафталице 1 и 2 успешно се спроведува пилот-проектот за селектирање на отпадот. Околу 1200 домаќинства од домашниот смет ги издвојуваат пластичните шишиња и старата хартија и ги складираат во жолта, односно сина кеса. Така селектираниот отпад, екипите на ЈП Комунална Хигиена го подигаат еднаш во неделата.

Проектот Општина Карпош го реализира заедно со ЈП „Комунална хигиена" и со поддршка на УСАИД.

Се предвидува овој пилот-проект да трае до крајот на годинава, по што ќе се прошири и во други населби во Карпош.

Во акцијата се вклучени ученици од училиштата на општината Карпош кои имаат задача да дистрибуираат промотивен материјал со појаснувања како функционира системот на селекција, со цел да се подигне јавната свест за важноста на рециклирањето.



Од ЈП „Комунална хигиена" се задоволни од резултатите. Првата тура од подигнатиот селектиран отпад тежела пет тони стара хартија и пластични шишиња.